Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

**Број: 04-511/7**

**Датум:13.02.2026 година**

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 208/24 и 210/24), Државниот секретар на Министерството за транспорт донесе:

**ОДЛУКА**
**за невршење избор на кандидат за административен службеник**

1. За работно место **Помлад соработник за документирање на проекти во железничка инфраструктура** во Одделение за железничка инфраструктура во Сектор за железници, шифра број УПР 01 01 В04 000, по Јавен оглас за вработување број 943/2025, **НЕ СЕ ИЗВРШИ ИЗБОР.**

2. Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 04.08.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во Министерството за транспорт, за работно место **Помлад соработник за документирање на проекти во железничка инфраструктура** во Одделение за железничка инфраструктура во Сектор за железници – 1 (еден) извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција на кандидати за вработување со Решение број 10-2093/10-284/1 од 13.01.2026 година, донесени од страна на Директорот на Агенцијата за администрација.

Комисијата спроведе административна селекција и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник заведен под број 10-284/2 од 15.01.2026 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под број 10-284/5 од 29.01.2026 година. На ден 03.02.2026 година Комисијата спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под број 10-284/6 од 03.02.2026 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата, до Министерството за транспорт доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција

и Предлог за вработување на кандидати број 10-284/7 од 11.02.2026 година, во која за работното место од точка 1 на оваа Одлука нема кандидат кој се квалификува за вработување врз основа на што Државниот секретар не изврши избор и се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
**Стефан Волкановски**

Доставено до:

-Сектор за управување со човечки ресурси;
- Агенција за администрација;

Изработил: Билјана Мојсовска Милеска
Проверил: Огнен Ристовски